**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од професионална одговорност на судски вештаци

УС-опо-веш
18-8-мк

## член 1: воведни одредби

[1] Договорите за осигурување од професионална одговорност на судски вештаци се склучуваат согласно важечките Општи услови за осигурување од професионална одговорност и одредбите на овие Посебни услови.

[2] Доколку некои од одредбите на Општите услови за осигурување од професионална одговорност се спротивни на одредбите на овие Услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие Посебни услови.

## член 2: осигурени опасности

[1] Со ова осигурување е покриена одговорноста на осигуреникот за штета поради стручни грешки при извршување на регистрираната дејност на осигуреникот и лицата вработени кај него.

[2] Осигурувачот гарантира со ист опсег и за чиста имотна штета која против осигуреникот ја побаруваат трети лица.

## член 3: неосигурени опасности

[1] Покрај исклучувањата кои се предвидени со Општите услови за осигурување од професионална одговорност, осигурувачот не ги покрива отштетните побарувања за штета:

1) која настанала во врска со плаќање награда и надомест на трошоци за работа на вештаците;
2) која настанала врз основа на незадолжително советување на осигуреникот;
3) која настанала како последица од злоупотреба на доверливи информации за кои дознал при извршување работи како постојан судски вештак од страна на осигуреникот и лицата вработени кај него;
4) која ја предизвикало трето лице на кое судскиот вештак му овозможил да извршува дејност врз основа на својата дозвола за извршување дејност (давање печат за употреба на трето лице и слично).

## член 4: обврски на осигурувачот

[1] Ако не е поинаку одредено, осигурувачот исплаќа заедничка оштета од сите осигурени случаи во една година кои изнесуваат најмногу двојно од договорената сума на осигурување.

[2] Во случај на исплата на двојна сума на осигурување, осигурителното покритие може да се продолжи само ако тоа е посебно договорено. Во тој случај премијата се одредува посебно.

## член 5: право на регрес

[1] Осигурувачот го задржува правото на регрес од осигуреникот во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за неа на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.